# МАКЕДОНСКА ПРАВОСЛАВНА ЦРКВА

## ЦРКОВНА ОПШТИНА СВЕТА ТРОИЦА-МИНХЕН

СОДРЖИНА:


| | |
|---|---|
| Вовед | 1 |
| Слово за љубовта | 2 |
| Активности/ Настани | 3 |
| Апел | 4 |




## ПОЧИТУВАНИ ВЕРНИЦИ,

полека се приближуваме кон периодот на годишните одмори и на многумина од нас веќе погледите и мислите ни се насочени кон домовите во Македонија, родителите, роднините и пријателите кои не очекуваат таму. Меѓутоа и во овај период треба да останиме свесни и будни за Бог и Неговата милост кон нас, за се’ што ни дава и да бидеме благодарни за Неговата добрина, да бидеме постојани во однос на христијанските добродетели, а нашиот живот да го живееме како живот во Христа.

Почитувани парохијани, токму во овај период, во кој правиме мало резиме на првата половина од годината 2024-та, во нашата црковна општина веќе се препознава желбата за духовен живот на верниците. Во овај контекст ќе ги спомнам големите празници Велигден и Св. Троица на кои верниците во огромен број го посетија нашиот храм, а воедно зедоа учество во Светите Тајни Исповед и Причест. Исто така, покрај членовите на црковниот одбор кои несебично се залаагат во организацијата на црковниот живот, имаме и доста верници кои доброволно се пријавуваат за помош на големите празници, за што сме им благодарни.

Токму оваа спремност на верниците да подадат рака кон црквата ме поттикнува да ги цитирам зборовите на псалмопевецот Давид ,,Колку е убаво и колку е мило кога браќата живеат заедно" (Псалм 132) и уште зборовите од Евангелието на нашиот Спасител ,,Каде се двајца или тројца собрание во Мое име, таму сум и Јас посреде нив" (Мт 18,20). Навистина радоста е голема, заради тоа што на дело се сведочи љубовта и единството во Христос. Христос е еден, една треба да биде и нашата вера во него, што значи, во Него нема мое или твое, туку се' е наше. Таквиот пример на единство и сплотеност, која се црпи од Благодатта Божја, ни дава поголема сила и мотивација да ја сакаме Црквата Христова, односно да го сакаме Христос Спасителот, а на тој начин и на дело да ги исполнуваме двете Христови заповеди: љубовта кон ближниот и љубовта кон Бог.

На крајот, драги браќа и сестри,на оние кои патувате на годишен одмор,ви посакувам пријатни одмори, Господ Бог нека ви прати ангел чувар на вашите патишта,а на оние кои останувaат овде, пријатни денови во летниот период.

Парохиски свештеник
отец Миле Вељановски

# СЛОВО ЗА ЉУБОВТА

Љубовта, драги верници, зазема централен дел во спасението на човекот, како една од добродетелите во нашата православна вера.

Христос од љубов кон човечкиот род, дојде на земјата и не само што дојде, туку без грев пострада за луѓето со најсрамна смрт.

Апостолите огледувајќи се на нивниот Учител, а понесени од љубовта, недвосмислено ја извршувале мисијата за која биле повикани. Го ширеле Евангелието, дури и по цена на нивниот живот.



Светителите исто така, со голема љубов правеле добри дела, ги поучувале луѓето, ја сведочеле верата Христова преку нивниот живот и сето тоа од љубов кон Христа и луѓето, а се' со цел спасение на душата.

Меѓутоа, овие примери не треба да останат како нешто што се појавило во историјата на црквата и застанало. Не! Ние не треба да останиме неми набљудувачи на таа појава во црквата (ширење на љубовта) туку треба дабидеме активни учесници во спроведување на истата. Од каде да се почне?

Појдовна точка во оваа мисија е: согледувањето на нашите гревови, исповедта на гревовите и молитвата. Следната фаза е преумувањето, што значи промена на досегашниот начин на живот, а потоа доаѓаме до степен кога сфаќаме дека е неизбежно на патот на спасението да подариме љубов не само кон ближните туку и кон непријателите според зборовите Христови ,,(...) туку вие љубете ги непријателите ваши (...)" (Лука 6,35).

Кога христијанинот веќе достигнува таков степен на духовно созревање, тука нема простор за осуда, за омраза, за покажување со прст кон братот свој, за воздигнување и гордост. Тогаш, христијанинот е во состојба да поучи без да повреди, да помогни без да бара нешто за возврат. Е таква е љубовта со која се овенчале и апостолите и светителите во нашата црква... Љубовта е жртва, љубовта е резултат на победата на доброто над лошото.

Да се трудиме драги браќа и сестри, да се победуваме сами себе во нашите слабости и паралелно да расти љубовта во нас која треба да биди љубов во Христа Бога и на таков начин да одиме по патот на спасението, односно до вечниот живот.

Слава на Бога за `се!

---



# АКТИВНОСТИ/ НАСТАНИИ

- На 05.02. парохискиот свештеник, о. Миле Велјановски, даде интервју за евангелистичкото списание Ökumene -Rundbrief, каде што ја пресртави нашата црковна општина.
- На 13.03 нашата црковна општина Св. Троица од Минхен стана полноправен член на АСК (Arbeitsgemeinschaft Christlicher Kirchen in München) односно Работна група на христијанските цркви во Минхен.
- На 07.05 нашата црковна општина беше поканета и зеде учество на Велигденска кафе средба во организација на Одделот за соработка со христијанските цркви од католичката црква.
- Од 17.05 до 19.05 во градот Маинц се одржа Епархиско собрание на Европската епархија, на кое што нашата црковна општина зеде учество.
- На 08.06 нашата црковна општина зеде учество на Ст. Бено фест во град Минхен.

# АПЕЛ

Ги повикуваме сите верници кои се во можност и сакаат да ја помогнат нашата црковна општина, тоа да го направат преку месечен прилог кои сами ќе го одредат во форма на Dauerauftrag на црковното конто:

**Mazedonische Orthodoxe Kirchengemeinde Sv.Troica e.V.**
**IBAN: DE30 7025 0150 0950 0047 05**
**BIC: BYLADEM1KMS**

За донација до 300 евра годишно, доволно е преку контоаусцуг да вратите дел од данокот. За оние донации над 300 евра, ќе добиете потврда од нашата црковна општина за да вратите дел од данокот.

Ви благодариме за помошта!

---

## Корисни информации:

Адреса на храмот: Plinganserstr. 1, 81369 München **(klikni)**
Свештеник: отец Миле Велјановски
тел. 0176 95676547
www.mpcminhen.de **(klikni)**
info@mpcminhen.de
www.facebook.com/mpcminhensvtroica **(klikni)**

Годишен распоред на богуслужби **(klikni)**